AUSTRALIAN COMPETITION
& CONSUMER COMMISSION

# Запознавање со индустриското Упатство за потрошувачки производи што содржат мали батерии со облик на копче

мај 2019 г.

Индустриското Упатство за потрошувачки производи што содржат мали батерии со облик на копче беше изготвено за да им помогне на добавувачите (на производителите, на дистрибутерите, на увозниците, на малопродажниците и на добавувачите кои работат преку интернет) при донесувањето одговорни одлуки за безбедноста при примена на малите батерии со облик на копче кога набавуваат, кога дизајнираат, кога изготвуваат или кога пуштаат во малопродажба такви мали батерии или пак уреди што работат на такви мали батерии со облик на копче.

Упатството има за цел да понуди мерки за коишто постои најголема веројатност да бидат делотворни при намалување на изложеноста на децата на малите батерии со облик на копче. Овој информативен лист дава резиме на клучните работи коишто се опфатени во Упатството.




## Проблематика

Малите батерии со облик на копче се користат во низа потрошувачки производи од типот на далечински управувачи за телевизори, во фотоапарати, во часовници, во дигитрони, во честитки, во мали ваги, во рачни батериски лампи и во многу други уреди. Истите често се вградени и во други производи од типот на играчки, украсни предмети, сувенири за еднократна употреба, како и за уреди со ЛЕД светилки.

Проголтаните мали батерии со блик на копче може да отидат во езофагусот и да предизвикаат трајни повреди или пак трагична смрт.

Потрошувачките производи што содржат мали батерии со облик на копче треба да бидат обезбедени така што малите батерии во нив нема да им бидат достапни на малите деца. Производите со мали батерии што се менуваат треба да имаат предупредување дека малите батерии се опасни, и треба да содржат соодветни податоци за безбедно ракување.

Се охрабруваат добавувачите да се придржуваат кон одредбите од ова Упатство за да помогнат да се спречат тешки повреди и смртни случаи.

Натамошни информации за опасностите од проголтување мали батерии со облик на копче можат да се најдат овде: www.productsafety.gov.au/products/electronics-technology/button-batteries

## Видови мали батерии со облик на копче

За целите на овој документ, сите ќелии или батерии со рамна плоча ќе се сметаат за мали батерии со облик на копче без разлика на нивната големина или хемиски состав. Други називи коишто се користат за ваквите предмети се ‘батерии со облик на монети’, ‘плочести батерии’ и ‘батерии со облик на копче’.

***Иако малите литиумски батерии со големина на монета се познати како поголеми предизвикувачи на потешки повреди и смртни случаи кај деца, сите мали батерии со облик на копче се потенцијално опасни за децата кои имаат пристап до нив.***

## Одговорности на добавувачите

Согласно австралискиот Закон за потрошувачи, добавувачите не смеат да даваат лажни или погрешни назнаки во поглед на квалитетот, вредноста, цената, рокот на употреба на или корисата од производите или пак услугите, ниту пак некакви гаранции поврзани со нив.

Законот за потрошувачи на Австралија им обезбедува гаранции на потрошувачите кога некој трговец им испорачува производи. Тоа се законски гаранции, при што е вклучено дека производите што се добавуваат мора да бидат со прифатлив квалитет и да бидат безбедни за користење. Ако на потрошувачот му се испорача производ што не е со прифатлив квалитет и што не е безбеден за користење ,тој/таа може да му ги посочи своите права на добавувачот и да бара обештетување од трговецот кој му/Й го набавил производот.

Добавувачите исто така треба да ги следат и да ги истражуваат повратните коментари од потрошувачите во поглед на безбедноста на производите што ги добавуваат и да преземаат соодветни корективни мерки доколку е потребно. Доколку некој добавувач дознае за настаната повреда, болест или смртен случај поврзани со некој производ што го испорачал, може да биде потребно да го пријави несреќниот случај во австралиската Комисија за конкурентност и потрошувачи (Australian Competition and Consumer Commission - ACCC) во рок од два дена од приемот на известувањето за настанатиот случај.

Натамошни информации за задолжително пријавување на повреди и на смртни случаи на потрошувачи може да се најдат местото на интернет за Безбедност на производите Австралија при Комисијата ACCC на: www.productsafety.gov.au/product-safety-laws/legislation/mandatory-reporting

## Клучни барања за придржување кон одредбите од индустриското Упатство

За да бидат во согласност со ова индустриско Упатство, потрошувачките производи (вклучително и додатните уреди како што е далечински управувач и сите резервни батерии што доаѓаат со него) за коишто е потребна една или повеќе мали батерии со облик на копче што треба да ги смени потрошувачот а коишто може да им бидат достапни и на мали деца при нивното секојдневно користење, или пак ако разумно може да се предвиди нивно погрешно користење, МОРА:



Да поседуваат безбеден дел за батерии (или друг затворен дел наменет за тоа) што на малите деца ќе им оневозможува пристап до батериите согласно сите од следниве одредби:

а. За пристап до батериите да се користи алат или пак треба да се направат две или повеќе независни И истовремени постапки; и

б. Безбедносните уреди за спречување пристап до батериите може лесно да се враќаат на место без да се намали нивната безбедносна функција; и

в. Безбедносните уреди за спречување пристап до батериите мора да бидат издржливи и трајни така што нема да се кршат или пак нема да им се намали делотворноста по нивно повеќекратно користење; и

г. Се дизајнирани и се произведени така што батериите нема да им се достапни на мали деца кога производите и амбалажата на резервните батерии се користат на вообичаен начин или пак кога може разумно да се предвиди нивно погрешно користење

И:

д. Содржат достапни информации онаму кадешто производот е истакнат за продажба (вклучително и на интернет) во коишто се наведува дека за да функционира производот (или за секој вклучен додатен уред) потребни се мали батерии со облик на копче и дека таквите се опасни за малите деца. Информациите може да се истакнати на амбалажата или пак на посебна ознака.

Малите батерии со облик на копче што не треба да ги менува потрошувачот не смеат да бидат достапни кога уредот се користи на вообичаен начин или пак кога може разумно да се предвиди негово погрешно користење. Тие исто така не смеат да бидат достапни без користење на алат којшто се очекува да го поседува и користи техничко лице, на пример шрафцигер или клуч, но не и монета.

Клучните барања наведени во ова Упатство се засноваат на тековното познавање на најдобрите практики.

## Како дополнително да се намалат опасностите

За дополнително да се намали веројатноста малите деца да се стекнат со повреди од малите батерии со облик на копче, добавувачите треба да размислат:

- дали воопшто да добавуваат производи што содржат мали батерии со облик на копче или со големина на монета
- дали производите може да се напојуваат со друг вид батерии што не се толку опасни како малите батерии со облик на копче
- да спроведуваат ревизии на постојните производи и да ги отстранат предметите што не се во согласност со одредбите од ова Упатство
- да добавуваат само мали батерии со облик на копче и само производи што содржат такви батерии коишто се во согласност со одредбите од ова Упатство
- во продавниците повторно да ја проверат висината на којашто се изложени малите батерии со облик на копче и производите што содржат такви батерии, така што истите ќе им бидат помалку достапни на малите деца
- да бираат марки на батерии што доаѓаат во соодветна амбалажа и коишто се означени со предупредувања за потрошувачите во поглед на опасностите по малите деца
- таквата амбалажа или упатството за користење на малите батерии треба да бидат означени со предупредување што им посочува на потрошувачите кои се опасностите доколку малите деца проголтаат мали батерии со облик на копче
- привлекување на вниманието на потрошувачите за ризиците од малите батерии со облик на копче преку истакнување предупредувања во продавниците.

## Повеќе информации

Целосната верзија на Упатството на англиски јазик може да се најде овде: www.productsafety.gov.au/publication/industry-code-for-consumer-goods-that-contain-button-batteries

Упатството содржи соодветни изјави и ознаки што се користат во предупредувањата и на амбалажите, како и список на релевантни стандарди за безбедност.

Натамошни информации за одговорно добавување на производи и тестирање на производи наменети за потрошувачи може да се најдат овде:

- Одговорно добавување на производи www.productsafety.gov.au/product-safety-laws/compliance-surveillance/responsible-sourcing-of-products
- Тестирање на производи наменети за потрошувачи www.productsafety.gov.au/product-safety-laws/compliance-surveillance/product-testing

© Australian Competition and Consumer Commission 2019 under a Creative Commons Attribution 3.0 Australia licence.
ACCC 6/19_1564 www.accc.gov.au